Напишано од Фатма Бајрам
Четврток, 21 Февруари 2013 09:36 - Последно освежено Петок, 22 Февруари 2013 09:59




21 февруари е прогласен за Меѓународен ден на мајчиниот јазик од страна на Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (УНЕСКО) на 17 ноември 1999 година на 30-тата сесија на Генералната конференција во 1999 година.

Во 2000 година 21 февруари е промовиран како Ден на лингвистичка и културна разновидност и мултилингвизам.
Според статистичките податоци, во последните три века има изумирање или драматично намалување на јазиците, особено на американскиот и австралискиот континент. Во светот денес се зборуваат околу 6.500 јазици, а на околу половина им се заканува исчезнување во многу делови на светот.
Одбележувањето на Меѓународен ден на мајчиниот јазик во Битола ќе се одржи во просториите на НУУБ „Св.Климент Охридски" – Битола со почеток во 18.30 часот.
Гостин на настанот Градоначалникот на Битола Владимир Талески